РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Бр.-Nr. 08-260/14

23.01. 2023 год.-Viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 144 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 49 седница одржана на 23.12.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за акредитација на студиската програма „Безбедност при работа", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за технички науки при Универзитет „Мајка Тереза'' во Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Безбедност при работа", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за технички науки при Универзитет „Мајка Тереза'' во Скопје, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).
2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2022/2023 година.
3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и со стручен назив: Дипломиран инженер за безбедност рпи работа /во меѓународен промет, стручен, назив: Bachelor of occupaional safety.

Научно - истражувачко подрачје: 2 Техничко - технолошки науки; Научно – истражувачко поле: 203 електромашинство 214 машинство 211 индустриско инженерство и менаџмент, Научно – истражувачка област: 21103 проучување на фактори на работната средина и заштита на работа 21043 производно машинство, технологии и системи 21424 регулациона техника 20302 електрични машини, трансформатори и апарати 21102 анализа и мерење на работата и времето.

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 30 студенти.
5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 02-905/1 од 12.05.2022 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Безбедност при работа", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за технички науки, Универзитет „Мајка Тереза'' во Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.02-107/3 од 28.01.2022 година (наш бр. 08 -260/1 од 28.01.2022 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 31-та седницата одржана на 09.02.2022 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 - 260/11 од 05.01.2022 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност, Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 49-та седница одржана на 23.12.2022 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова